Врз основа на член 14 точка 6 од Статутот на Општината Центар (Службен гласник на Град Скопје број 8/97), Советот на Општината Центар на 11-та седница одржана на 16.11.2001 година, донесе

**О Д Л У К А**

За утврдување награди и признанија на Општината Центар

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат награди и признанија што ги доделува Општината Центар и се уредува постапката за нивно доделување.

**Член 2**

Наградите и признанијата се доделуваат како знак на општествено признание за значајни остварувања што заслужуваат општо признание или се од посебно значење за Општината Центар.

**Член 3**

Наградите се доделуваат на физички и правни лица од Општината Центар и од Републиката.

Признанијата можат да се доделуваат на физички и правни лица од Општината Центар, од Републиката како и на странски државјани и странски и меѓународни организации.

**Член 4**

Одлука за доделување на награди и на признанија донесува Советот, а ги доделува градоначалникот на Општината Центар.

## II. ГОДИШНА НАГРАДА НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР

### Член 5

Се утврдува Годишна награда на Општината Центар.

Наградата се доделува на физички и правни лица од Општината Центар и од Република Македонија како знак на општествено признание за особени постигнувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитувањето и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација во Република Македонија и во светот.

### Член 6

Наградата се состои од диплома и паричен износ за физички лица, а за правни лица од диплома и плакета.
Начинот, условите и постапката за доделување на наградата се утврдуваат со посебен правилник што го донесува Советот на Општината.

## III. ОПШТИНСКИ ПРИЗНАНИЈА

### Член 7

Општината Центар доделува признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општината Центар.

### Член 8

Признанијата се доделуваат во форма на плакета и благодарница.

**Член 9**

Плакетата се доделува на физички и правни лица од Општината Центар, од Републиката како и на странски државјани и странски и меѓународни организации за особени постигнувања во изградбата и развитокот на Општината, во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и во другите области на животот и трудот што претставуваат посебен придонес за севкупниот напредок и афирмација на Општината Центар.

**Член 10**

Благодарницата се доделува на физички и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината.

**Член 11**

Предлог за доделување признанија со писмено образложение може да поднесат субјектите што според Статутот на Општината, се овластени да предлагаат донесување на општ акт.